*Прилоī бр. 2*

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): КЛАСИЧНА ФИЛОЛОГИЈА (64007), ГРАМАТИКА, СЕМАНТИКА, СЕМИОТИКА, СИНТАКСА (64018) И КОМПАРАТИВНА ЛИНГВИСТИКА (64012) НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје/Филозофски факултет, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 5 март 2019 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини) класична филологија (64007), граматика, семантика, семиотика, синтакса (64018) и компаративна лингвистика (64012), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, бр. 04-272/9, донесена на XIX редовна седница, одржана на 3.4.2019 год., формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Весна Димовска, редовен професор на Филозофскиот факултет, д-р Валериј Софрониевски, редовен професор на Филозофскиот факултет и д-р Елена Џукеска, вонреден професор на Филозофскиот факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (дисциплини): класична филологија (64007), граматика, семантика, семиотика, синтакса (64018) и компаративна лингвистика (64012), во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Светлана Кочовска-Стевовиќ, вработена како доцент на Институтот за класични студии на Филозофскиот факултет во Скопје.

### 5. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката , д-р Светлана Кочовска-Стевовиќ е родена на 23.07.1975 год., во Скопје. Средно образование завршила 1993 година во Скопје, во СГСУ „Јосип Броз Тито“. Со високо образование се стекнала на Филозофскиот факултет, на Институтот за класични студии. Дипломирала на 21.11.2001 година, со просечен успех 9,64.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2002 се запишала на постдипломски студии на Институтот за класични студии (отсек: лингвистика) при Филозофскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршила во 2009 година, со просечен успех 9,83. На 12.2.2009 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Дискурсниīе īарīикули nam и enim во Кикероновиīе īисма до Аīик,* со што се стекнала со научен степен-магистер по класична филологија.

Докторска дисертација пријавила на 4.3.2009 година на Филозофскиот факултет во Скопје, на Институтот за класични студии. Дисертацијата на тема: *Еīисīоларниоīдискурс на Кикерон* ја одбранила на 14.4.2014 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Весна Димовска, проф. д-р Валериј Софрониевски, проф. д-р Маргарита Бузалковска-Алексова, проф. д-р Весна Томовска и доц. д-р Драгана Димитријевиќ. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на класични студии.

Во периодот 2001-2010 година, кандидатката д-р Светлана Кочовска-Стевовиќ, како апсолвент и потоа како студент на постдипломски студии, била ангажирана како демонстратор на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет за изведување вежби по повеќе предмети од областа на латинскиот јазик за студенти од повеќе студиски програми на Филозофскиот и Филолошкиот факултет „Блаже Конески“. Од септември 2001 до јуни 2004 година работела како професор по латински и старогрчки јазик во Училиштето за странски јазици „Профундум“ во Скопје. Во 2009 година на одредено време била ангажирана како наставник по предметот Класичната култура во европската цивилизација во ОУ „Љубен Лапе“, а во наредната 2010 година како професор по предметот Латински јазик во СУГС „Никола Карев“, исто во Скопје.

На 21 декември 2011 година е избрана во звањето помлад асистент на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет во областите: латински јазик, дидактика и општа и компаративна лингвистика.

Во моментот е доцент за научните области: класична филологија, општа лингвистика, компративна лингвистика, граматика, семантика, семиотика, синтакса, и методика на јазик. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1081/82 од 15.7.2014 година. Изборот во наставник е потврден со одлука на ННС на Филозофскиот факултет, донесена на IX редовна седница, одржана на 19.9.2014 година.

Од 2016 година е член на Советот за втор циклус студии по класична филологија и византологија, а од 2017 и на ССП за трет циклус – докторски студии по класична филологија.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтени бр. 1020 и 1081/82, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 6. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Филозофскиот факултет, кандидатката д-р Светлана Кочовска-Стевовиќ изведува настава и вежби на прв циклус студии на студиската програма Класични студии со антички студии и византологија и на студиските програми: Латински јазик и античка книжевност, Историја, Археологија, Историја на уметноста и Компаративна книжевност. На овие студиски програми, кандидатката д-р Светлана Кочовска-Стевовиќ од изборот во звањето доцент реализирала предавања, вежби, консултации, испити и колоквиуми по предметите: Латински јазик (почетен курс), Латински јазик (продолжителен курс), Латински автори, Читање латински текстови 1. Читање латински текстови, Рецепција на класичната култура и Увод во латинска епиграфика. Во периодот 2016-2019 година е реализатор на предметите Лингвистички теории и Средновековен латинитет и кореализатор на предметот Латински автор по избор на втор циклус студии на студиската програма по Класични студии и византологија, а од зимскиот семестар 2017 година е кореализатор и на предметите Јазична анализа на дела од грчки и латински автори, Класичните јазици и општата лингвистика и Историја на грчкиот и латинскиот јазик на трет циклус студии по Класична филологија со потпрограми по Класична и микенска филологија и Класична и византиска книжевност.

Д-р Светлана Кочовска-Стевовиќ учествувала како член во комисија за одбрана на 2 (два) дипломски труда.

Кандидатката д-р Кочовска-Стевовиќ, со нагласена професионална одговорност и голема посветеност ги извршува задолженијата во рамките на наставата, а остварува и добра комуникација со студентите, што е евидентно и од позитивните резултати од анкетата на студентите спроведена во рамките на процесот за самоевалуација на Факултетот во зимскиот семестар на учебната 2018/2019. Покрај тоа, кандидатката д-р Кочовска-Стевовиќ пројавила и забележителна активност како автор или коавтор на учебници, учебни помагала, скрипти и пакети материјали за предметите од областите за кои се избира.

Кандидатката е автор на рецензиран учебник под наслов *Vestibulum Latinitatis: Grammatica. Учебник по предметот Латински јазик (продолжителен курс)*. Филозофски факултет-Скопје, 2017 (коавтортво), како и на пакет материјали по пет предмети.

Во Образецот 1 за исполнување на општите услови и во Образецот 2 за посебните усови за избор во наставно-научно звање, кои се составен дел на овој Извештај, наведени се сите активности на кандидатката во наставно-образовната дејност, што бројчано се изразени со 63,19 поени.

**Научноистражувачка дејност**

Научноистражувачката дејност на д-р Кочовска-Стевовиќ е фокусирана на проучување на различни теми од областа на лексикологијата и историјата на латинскиот јазик: синхрониските

и дијахрониски варијации во значењето на зборовите, синтагматските и парадигматските врски кои се воспоставуваат меѓу нив и начините на јазична реализација на говорните чинови.

Д-р Светлана Кочовска-Стевовиќ во изборниот период има објавено вкупно 12 научни трудови од областа на класичната филологија и сродните области за кои се врши изборот, од кои 3 научни труда во меѓународни научни списанија, 1 труд во меѓународна научна публикација, 2 труда во зборници од меѓународни научни собири, 2 превода на капитални дела и 3 труда во зборници од научни собири.

Покрај ова, кандидатката за избор има 3 учества на научни собири со реферати (усни презентации), едно одржано предавање по покана на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Белград, како и два апстракта објавени во зборник од меѓународни конференции.

Увидот во објавените трудови на кандидатката за избор во звање несомнено потврдува континуиран развој и евидентет напредок на м-р Светлана Кочовска-Стевовиќ како самостоен научен истражувач, кој постојано се усовршува и од методолошки аспект, но и од аспект на упатеност во тековните европски и светски тенденции и достигнувања во една комплексна, интердисциплинарна и сложена научна област, како што е класичната филологија.

Д-р Светлана Кочовска-Стевовиќ учествува како член во три научни проекти:
1. Проект на МАНУ: „Поимник на теоријата на книжевноста: Второ дополнето и ревидирано издание“, 2017;
2. Здружение на класични филолози „Антика“, *Хермес: Проект за средношколско патување низ антиката,* 2019;
3. Институт за класични студии, *Утврдување на потребите и потенцијалите за обновување на класичната гимназија во РМ*. 2019-

Другите активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, а се релевантни за изборот, како и називите на трудовите, проектите и сл. се наведени во табелата во Образецот 2 (член 3/член 4) за посебните услови за избор во наставно-научно звање, кој е составен дел од овој Извештај и во кој се сумирани 64 поени за остварени резултати во овој сегмент.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Светлана Кочовска-Стевовиќ активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Филозофскиот факултет, но и во издавачката дејност, во различни експертски активности, во дејности од поширок интерес, како и во проекти и иницијтиви на здружение поврзано со струката, во случајов - Здружението на класични филолози „Антика“.

Таа се јавува како автор на поглавја (предговори, белешки и индекси) во три книги, детално наведени во Образецот 2, приложен кон овој Извештај.

Кандидатката д-р Светлана Кочовска-Стевовиќ остварила експертски активности од типот на коректура, јазична редакција или рецензирање на научни и стручни трудови на други автори. Во периодот што е предмет на овој Извештај била член на комисија за организација на Државниот натпревар по класични јазици, а земала учество и во промотивни активности на Филозофскиот факултет и Институтот за класични студии.

Ангажман и посветеност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Била член на Уредувачкиот одбор на научно списание и на меѓународни научни списанија: *Годишниот зборник на Филозофскиот факултет* (2015-2018) и *Систасис*, Е-списание на Здружението на класични филолози „Антика“. Била во составот на организациски одбори на три меѓународни научни собири.

Во изборниот период, д-р Светлана Кочовска-Стевовиќ активно е вклучена во работата на неколку факултетски комисии, а била и е член и на Управниот одбор на Здружението на класични филолози „Антика“.

Во сите овие, но и во и други активности што се подразбираат во стручно-апликативната дејност и дејностите од поширок интерес, д-р Светлана Кочовска-Стевовиќ манифестира исклучителен ентузијазам, посветеност и одговорност, способност за тимска работа и вештини за организиција. Тие се подетално наведени во Образец 2 (член 5) за посебните услови за избор во наставно-научно звање и се валоризирани со 23,3 поени.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Светлана Кочовска-Стевовиќ, во ноември 2018 година, доби позитивна и висока оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Филозофскиот факултет, исто како и во претходните години во континуитет.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката , Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Светлана Кочовска-Стевовиќ.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Светлана Кочовска-Стевовиќ поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научните области: класична филологија (64007), граматика, семантика, семиотика, синтакса (64018) и компаративна лингвистика (64012).

Според горeизнесеното, Комисијата има чест и особено задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Светлана Кочовска-Стевовиќ да биде избрана во звањето вонреден професор во научните области: класична филологија, граматика, семантика, семиотика, синтакса, и компаративна лингвистика.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА
**Проф. д-р Весна Димовска с.р.**
**Проф. д-р Валериј Софрониевски с.р.**
**Проф. д-р Елена Џукеска с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 1**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**

Светлана Коста Кочовска-Стевовиќ

**Институција:**

Филозофски факултет-Скопје, Институт за класични студии

**Научна област:**

класична филологија (64007), граматика, семантика, семиотика, синтакса (64018) и компаративна лингвистика (64012)

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: ___________<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: ___________<br>Просечниот успех изнесува ___________за интегрираните студии. | |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: Класична филологија, Граматика, семантика, семиотика, синтакса, Компаративна лингвистика, поле Наука за јазикот, подрачје Хуманистички науки. | да |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1. Назив на научното списание: ___________<br>2. Назив на електронската база на списанија:___________<br>3. Наслов на трудот: ___________<br>4. Година на објава: ___________ | не |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>**1.**<br>1.Назив на научното списание: Годишен зборник/Annuaire, кн. 70<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): вкупен број 11, 2 од Германија, 1 од Хрватска, 1 од Бугарија, 1 од Македонија, 2 од Полска, 1 од Ирска, 1 од Велика Британија и 2 од Србија<br>3. Наслов на трудот: Говорниот чин заблагодарување во Кикероновата преписка/The Speech Act of Thanking in Cicero's Correspondence<br>4. Година на објава: 2017<br><br>**2.**<br>1.Назив на научното списание: Годишен зборник/Annuaire, кн. 71<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): вкупен број 11, 2 од Германија, 1 од Хрватска, 1 од Бугарија, 1 од Македонија, 2 од Полска, 1 од Ирска, 1 од Велика Британија и 2 од Србија<br>3. Наслов на трудот: Античка епистоларна теорија: кус преглед/Ancient Epistolary Theory: a Brief Overview<br>4. Година на објава: 2018 | да |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1.Назив на научното списание: Colloquia humanistica<br>2.Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД Полска<br>3. Наслов на трудот: On the Roman Concept of Natio<br>4. Година на објава: 2016 | да |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: European Symbols. United in Diversity. A Schoolbook for European Students<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД Австрија<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: Berger, 2015, Horn | да |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>**1.** | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1.Назив на зборникот: За љубовта (Зборник на трудови)<br>2.Назив на меѓународниот собир: За љубовта<br>3.Имиња на земјите: Македонија, Бугарија, Хрватска, Србија и Босна и Херцеговина<br>4. Наслов на трудот: Латинска соматска фразеологија: фраземи со компонента pectus во римскиот sermo amatorius<br>5. Година на објава: 2016<br><br>**2.**<br>1.Назив на зборникот: За душата: Зборник на текстови<br>2.Назив на меѓународниот собир: За душата<br>3.Имиња на земјите: Македонија, Германија, Хрватска, Тајван, Словенија<br>4. Наслов на трудот: Семантиката на anima и animus во раниот латински<br>5. Година на објава: 2018 | |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br><br>**1.**<br>1. Наслов на преведеното капитално дело: „Избрани писма“, Марк Тулиј Кикерон<br>2. Година на објава 2014<br>3. Издавач, место на издавање и година Издавачки центар Три, Скопје, 2014<br><br>**2.**<br>1. Наслов на преведеното капитално дело: „Митови“, Хигин<br>2. Година на објава 2017<br>3. Издавач, место на издавање и година Издавачки центар Три, Скопје, 2017 | да |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: | 15.07.2014, Билтен бр. 1081/82 |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

* На лицата кои имаат засновано работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**Членови на комисијата**
Проф. д-р Весна Димовска, претседател с.р.
Проф. д-р Валериј Софрониевски, член с.р.
Проф. д-р Елена Цукеска, член с.р.

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **<u>Светлана Коста Кочовска-Стевовиќ</u>**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **<u>Филозофски факултет-Скопје, Институт за класични студии</u>**
**Научна област:** класична филологија (64007), граматика, семантика, семиотика, синтакса (64017) и компаративна лингвистика (64012)

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава од прв циклус студии**<br>- <u>зимски семестар 2014/2015 (4 часа неделно):</u> Латински јазик (почетен курс) (3 часа); Читање латински текстови 1 (1 час) = **2.4**<br>- <u>зимски семестар 2015/2016 (6 часа неделно):</u> Латински јазик (почетен курс) (3 часа); Латински јазик (почетен курс К103И) (2 часа); Читање латински текстови 1 (1 час) = **3.6**<br>- <u>зимски семестар 2016/2017 (3 часа неделно)</u> Латински јазик (почетен курс) (3 часа) = **1.8**<br>- <u>летен семестар 2016/2017 (6 часа неделно):</u> Латински автори (2 часа); Рецепција на класичната култура (2 часа); Читање латински текстови (2 часа) = **3.6**<br>- <u>зимски семестар 2017/2018 (3 часа неделно):</u> Латински јазик (почетен курс) (3 часа) = **1.8**<br>- <u>летен семестар 2017/2018 (6 часа неделно):</u> Латински автори (2 часа); Рецепција на класичната култура (2 часа неделно); Читање латински текстови (2 часа) = **3.6**<br>- <u>зимски семестар 2018/2019 (5 часа неделно):</u> Латински јазик (почетен курс) (3 часа); Увод во латинска епиграфика (2 часа) = **3** | **19.8** |
| 2. | **Одржување на вежби**<br>- <u>зимски семестар 2014/2015 (7 часа неделно):</u> Латински јазик (почетен курс) (3 часа); Читање латински текстови 1 (4 часа) = **3.5**<br>- <u>летен семестар 2014/2015 (9 часа неделно):</u> Латински јазик (продолжителен курс) (3 часа неделно); Латински автори (2 часа); Читање латински текстови 2 (4 часа) = **4.5**<br>- <u>зимски семестар 2015/2016 (13 часа неделно):</u> Латински јазик (почетен курс) (3 часа); Латински јазик (почетен курс К103И) (2 часа); Читање латински текстови (4 часа); Читање латински | **32.3** |

| | | |
|---|---|---|
| | текстови 1 (4 часа) = **5.85**<br>- летен семестар 2015/2016 (7 часа неделно):<br>Латински јазик (продолжителен курс) (3 часа неделно); Латински автори (4 часа неделно) **= 3.15**<br>- зимски семестар 2016/2017 (3 часа неделно):<br>Латински јазик (почетен курс) (3 часа) = **1.35**<br>- летен семестар 2016/2017 (12 часа неделно):<br>Латински јазик (продолжителен курс) (3 часа); Латински автори (4 часа); Рецепција на класичната култура (2 часа);<br>Читање латински текстови (2 часа неделно) = **5.4**<br>- зимски семестар 2017/2018 (3 часа неделно):<br>Латински јазик (почетен курс) (3 часа) = **1.35**<br>- летен семестар 2017/2018 (11 часа неделно):<br>Латински јазик (продолжителен курс) (3 часа); Латински автори (4 часа); Рецепција на класичната култура (2 часа); Читање латински текстови (2 часа) **= 4.95**<br>- зимски семестар 2018/2019 (5 часа неделно):<br>Латински јазик (почетен курс) (3 часа); Увод во латинска епиграфика (2 часа) = **2.25** | |
| 3. | **Консултации со студенти**<br>од 2014/2015 до зимски семестар 2018/2019 | **0.07** |
| 4. | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа**<br>1. *Латинска правна терминологија од областа на семејното право* (Н. Василевска)<br>2. *Образованието во стариот Рим* (А. Вељаноска) | **0.02** |
| 5. | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник**<br>*Vestibulum Latinitatis: Grammatica. Учебник по предметот Латински јазик (продолжителен курс).* Филозофски факултет-Скопје, 2017 (коавтор) | **6** |
| 6. | **Пакет материјали за одреден предмет:**<br>1. Латински автори<br>2. Читање латински текстови 1<br>3. Читање латински текстови<br>4. Рецепција на класичната култура<br>5. Увод во латинска епиграфика | **5** |
| | **Вкупно** | **63.19** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Учесник во национален научен проект**<br>1. Проект на МАНУ: „Поимник на теоријата на книжевноста: Второ дополнето и ревидирано издание“, 2017-<br>2. Здружение на класични филолози „Антика“, | **9** |

| | | |
|---|---|---|
| | *Хермес: Проект за средношколско патување низ антиката,* 2019-<br>3. Институт за класични студии, *Утврдување на потребите и потенцијалите за обновување на класичната гимназија во РМ.* 2019- | |
| 2. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови**<br>1. „Говорниот чин заблагодарување во Кикероновата преписка“ / „The speech act of thanking in Cicero's correspondence“, Годишен зборник 71, 2017, стр. 117-138.<br>2. „Античка епистоларна теорија: кус преглед“/„Ancient epistolary theory: a brief overview“, Годишен зборник 71, 2018, стр. 145-170. | **10** |
| 3. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД**<br>“On the Roman Concept of Natio”, *Colloquia humanistica* 5 (Nation. “Natsiya”. Ethnie), 2016, pp. 3-18. (Publisher: Institute of Slavic Studies, Polish Academy of Sciences). | **5** |
| 4. | **Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД**<br>„Tauresium, the Birthplace of the Byzantine Emperor Justinian I“, во *European Symbols. United in Diversity. A Schoolbook for European Students,* 2015, pp. 96-99. (Berger, Horn) (коавтор). | **6** |
| 5. | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**<br>1. „Латинска соматска фразеологија: фраземи со компонента pectus во римскиот sermo amatorius“, во *За љубовта: Зборник на трудови од меѓународната научна конференција „За љубовта“,* Здружение за компаративна книжевност на Македонија (ЗККМ), Здружение на класични филолози „Антика“, Приредиле: Јасмина Мојсиева-Гушева, Елена Цукеска, Скопје, 2016, стр. 351-360.<br>2. „Семантиката на anima и animus во раниот латински јазик“, во *За душата: Зборник на текстови од меѓународната научна конференција одржана на 1-3 јуни 2016 година во организација на Здружението за компаративна книжевност на Македонија ЗККМ Скопје, Здружението на класични* | **10** |

| | | |
|---|---|---|
| | *филолози „Антика“ и Филозофското друштво на Македонија.* Уредници: Јасмина Мојсиева-Гушева, доц. д-р Даниела Тошева, Љупчо Митковски, Здружение за компаративна книжевност на Македонија ЗККМ Скопје, Здружение на класични филолози „Антика“ и Филозофско друштво на Македонија, Скопје, 2018, стр. 417-434. | |
| 6. | **Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност**<br>1. Марк Тулиј Кикерон. *Избрани писма.* Превод од латински, белешки и коментари Светлана Кочовска. Издавачки центар Три, Скопје, 2014.<br>2. Хигин. *Митови.* Превод од латински јазик, увод, белешки и индекс Светлана Кочовска-Стевовиќ, Издавачки центар Три, 2016. | **10** |
| 7. | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир**<br>1. „Сложенката καλοκαγαθία во преводната книжевност на латински јазик“, *Античкиот идеал на καλοκαγαθία: Зборник на текстови од Симпозиумот одржан на 12 март 2014 година во организација на Здружението на класични филолози „Антика“ и Филозофското друштво на Македонија.* Уредници: проф. д-р Елена Џукеска, доц. д-р Јасмина Наумоска. Скопје, Филозофски факултет-Скопје, 2016, стр. 119-130.<br>2. „Иконографијата на античките божества на квалитативното време“, *Chronos и Kairos – Античките концепти за времето.* Скопје, *Зборник на текстови од Симпозиумот одржан на 25 февруари 2015 година во организација на Филозофското друштво на Македонија и Здружението на класични филолози „Антика“.* Уредници: проф. д-р Ана Димишковска, доц. д-р Даниела Тошева. Филозофско друштво на Македонија и Здружение на класични филолози „Антика“, Скопје, 2017, стр. 61-74.<br>3. „Roman heart: Conceptualizations of Cor “Heart” in Early Latin“. Studia classica anniversaria, Прилози од меѓународната научна конференција одржана по повод 70 години од Институтот за класични студии, 22-23 ноември, 2017, Филозофски факултет, Скопје, стр. 209-222. | **6** |
| 8. | **Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација)**<br>1. „Иконографијата на античките божества на квалитативното време“, Chronos и Kairos – Античките концепти за времето, 25 февруари 2015 година, Филозофски факултет, Скопје<br>2. „Римско срце: концептуализации на cor „срце“ во раниот латински“, Studia classica anniversaria, 70 години од Институтот за класични студии, 22 ноември 2016, Филозофски факултет, Скопје | **3** |

| | | |
|---|---|---|
| | 3. „Делови тела у латинским изразима емоција: фразеологизми за компонентом *pectus* код Овидија“. *Πάθη: Језик и филозофија емоција,* 16 март 2017, Универзитетска библиотека „Светозар Марковиќ“, Белград. | |
| 9. | **Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет**<br>Филозофски факултет, Белград: „Семантика лексема animus и anima у раном латинском језику“ (15 март, 2017) | **3** |
| 10. | **Апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција**<br>1. „Roman heart: Conceptualizations of Cor “Heart” in Early Latin“. *Studia classica anniversaria, 70 years of the Institute of Classical Studies, Book of apstracts, Faculty of Philosophy, Skopje, November 22-23*, Филозофски факултет, Скопје, 2016, стр. 17.<br>2. “Семантиката на anima и animus во раниот латински јазик”. Втора меѓународна научна конференција „За душата“, 1-3 јуни 2016 година, Скопје, МАНУ – Институт за македонски јазик – Филозофски факултет, Книга на апстракти, Здружение на класични филолози „Антика“, стр. 11. | **2** |
| | | |
| | **Вкупно** | **64** |

## СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Поглавје во книга (автор)**<br>1. „Белешки" и „Индекс" во Марк Тулиј Кикерон, Избрани писма. Издавачки центар Три, Скопје, 2014, стр. 343-450<br>2. „Кон преводот на Хигиновите митови", во Хигин, *Митови*, Издавачки центар Три, 2016 стр. 5-14.<br>3. „Белешки" и „Индекс" во Хигин, *Митови*, Издавачки центар Три, 2016 стр. 155-296 | **9** |
| 2. | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија**<br>1. Коректура и јазична редакција на *Библиографија на вработените и дипломираните на Институтот за класични студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"во Скопје*. Составиле: В. Софрониевски, Е. Џукеска, В. Димовска-Јањатова, Филозофски факултет-Скопје, 2016<br>2. Рецензија на содржината на текстот *Законот на дванаесет таблици [XII Tabulae, Lex XII Tabularum]* (превод на текст, со белешки и коментари од професор д-р Даниела Тошева), Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Државин", Свети Николе, 2018, стр. 69-70. | 2 |
| 3. | **Учество во работата на комисии за државни натпревари**<br>Државен натпревар по класични јазици (2015-2018) | **4** |
| 4. | **Учество во промотивни активности на Факултетот**<br>Отворен ден на УКИМ (2015/2016/2017) | **1.5** |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 5. | **Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание**<br>Годишен зборник на Филозофски факултет (2015-2016) | **1** |
| 6. | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание**<br>1. Годишен зборник на Филозофски факултет (2017-2018)<br>2. Систасис, Е-списание на Здружението на класични филолози „Антика" (http://www.systasis.org/index.php/mk/) | **2** |
| 7. | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен / стручен собир**<br>1. Меѓународна научна конференција „За душата", 1-3 јуни 2016, МАНУ, Институт за македонска литература, Филозофски факултет, Скопје.<br>2. Научен собир „Логос и тропос", Филозофски факултет, Скопје, 29-30 мај 2017 година<br>3. Studia classica anniversaria, 70 години од Институтот за класични студии, 22-23 ноември, 2017, Филозофски факултет, Скопје | **2** |
| 8. | **Член на факултетска комисија** | **1.5** |

| | | |
|---|---|---|
| | 1. Член на Комисија за организација на *Ден на високото образование на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“* (2016)<br>2. Комисија за стручна и техничка координација на изработката на студиски програми на втор циклус студии (2018)<br>3. Член на уписна комисија (2018) | |
| 9. | **Член на управен одбор на здружение поврзано со струката**<br>Член на управниот одбор на Здружението на класични филолози „Антика“ | 0.3 |
| | **Вкупно** | **23.3** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 63.19 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 64 |
| СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 23.3 |
| **Вкупно** | **150.49** |

**Членови на комисијата**
**Проф. д-р Весна Димовска, претседател с.р.**
**Проф. д-р Валериј Софрониевски, член с.р.**
**Проф. д-р Елена Џукеска, член с.р.**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Филозофски факултет**

Број: 04-272/13
Датум: 05-06-2019
СКОПЈЕ

*И - Образец 6*

Врз основа на член 110, член 160, член 161, член 164, член 165, член 166 и член 175 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018), Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет на **XXI** редовна седница одржана на **5.VI 2019 год.** ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за избор во наставно-научно звање**

1. Се прифаќа рефератот на рецензентската комисија објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1192 од 15.V 2019 година за избор на д-р **Светлана Кочовска Стевовиќ** во наставно-научно звање **вонреден професор**, за следниве наставно-научни области: Класична филологија (шифра:64007), Граматика, семантика, семиотика, синтакса (шифра: 64018) и Компаративна лингвистика (шифра: 64012).

2. Се избира **д-р Светлана Кочовска Стевовиќ** во наставно-научно звање **вонреден професор**, за следниве наставно-научни области: Класична филологија (шифра:64007), Граматика, семантика, семиотика, синтакса (шифра: 64018) и Компаративна лингвистика (шифра: 64012).

Со извршениот избор именуваната засновува работен однос за времето на кое е избран, сметано од 5.VI 2019 година.

Со именуваната ќе се склучи договор за работа.

3. **д-р Светлана Кочовска Стевовиќ** се избира во наставно-научно звање **вонреден професор, за време од пет години.**

4. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на распишаниот Конкурс за избор во наставно-научните звање по назначените наставно-научни области како во диспозитивот на одлуката, објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" од 5.III 2019 година, се пријави: д-р Светлана Кочовска Стевовиќ.

Во изготвениот Реферат од страна на рецензентската комисија со бр. 04-272/10 од 08.V 2019 год., беше предложен кандидатот д-р Светлана Кочовска Стевовиќ за избор во наставно-научно звање вонреден професор.

Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 5.VI 2019 година го разгледа и прифати рефератот и предлогот на Рецензентската комисија и донесе одлука како во диспозитивот на актот.

По еден примерок од одлуката да се достави на: именуваната, досието, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, Одделението за правни и општи работи и архивата на Факултетот.

**Д Е К А Н**
на Филозофскиот факултет

Проф. д-р Ратко Дуев

изработил: Ана Ј. Иванова